РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници (Сл.весник на Р.М. бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18), Секретарот на општина Виница донесе:

04-512/13
17.07.2019

# ОДЛУКА
## за избор на кандидати по пат на интерен оглас

1. За извршител на работното место **Раководител на одделение за урбанизам и урбанистичко планирање** во **Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и локален економски развој**, се избира кандидатот **Благој Гаврилов**.

2. За извршител на работното место **Раководител на одделение за инспекциски работи**, се избира кандидатот **Гоце Георгиев**.

3. Именуваните ќе бидат вработени на работното место од став 1 и 2 на оваа Одлука по завршувањето на постапката за избор и конечноста на одлуката.

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

На ден 19.06.2019 година на интернет страните на општина Виница и на Агенцијата за администрација е објавен интерен оглас бр.02/2019 за унапредување на административни службеници во општина Виница.

Со Решение бр. 04 – 512/10 од 01.07.2019 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување, која ја спроведе постапката за селекција на кандидат за административен службеник.

По спроведената постапка, Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник со ранг – листа од интервјуирани кандидати бр. 04-512/12 од 12.07.2019 година.

Врз основа на Записникот со ранг – листата од интервјуирани кандидати, за работните места **Раководител на одделение за урбанизам и урбанистичко планирање** во **Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и локален економски развој** и **Раководител на одделение за инспекциски работи**, Секретарот на општина Виница изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се изјави Жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата на општина Виница.

**Доставено до:**
**- Избраниот кандидат**
**- Архива**
**- Одд. за човечки ресурси**
**- Агенција за администрација**

**ОПШТИНА ВИНИЦА**
**секретар**
**Митко Илиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ОРГАНИ ОПШТИНА ВИНИЦА